СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЕЧЕВО
КОМИСИЈА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ

ул:,,Светозар Марковиќ,, бр. 1, Делчево
тел: **033/411-550** факс: **033/411 550**
**e-mail: info@delcevo.gov.mk**
**www.delcevo.gov.mk**

# ПРОГРАМА
# за еднакви можности на жените и мажите на Општина Делчево и работа на КЕМ за 2021 година

**Декември, 2020 година**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална смаоуправа („Службен Весник на РМ" бр. 5/02), член 14 став 1 и став 2 од Законот за еднакви можности на мажите и жените („Службен Весник на РМ" бр.6/12, 166/2014 и 150/2015) и член 37 од Статутот на Општина Делчево („Службен Гласник на Општина Делчево" бр. 15/2013), а согласно Стратегијата за родова еднаквост на регионот Делчево, Берово и Пехчево за период 2020-2022 („Сл.гласник на Општина Делчево бр.11/2019) и Акцискиот план на Општина Делчево за имплементација на регионалната стратегија за родова еднаквост 2020-2022 бр.09-1840/1 од 27.09.2019 година, („Сл.гласник на Општина Делчево бр.11/2019) Советот на Општина Делчево на 49 редовна седница, одржана на ден ________ година, донесе

# ПРОГРАМА
# за еднакви можности на жените и мажите на Општина Делчево и работа на КЕМ за 2021 година

## I. ПОЈДОВНА ОСНОВА НА ПРОГРАМАТА

Врз основа на член 2 од Законот за еднакви можностина жените и мажите, Општина Делчево има обврска за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите во политичката, економската, социјалната, образовната, културната, здравствената, граѓанската и било која област од општествениот живот. За остварување на оваа цел, Општината, согласно одредбите од член 14 од овој Закон, помеѓу останатото е должна да изработи годишен план во кој ќе бидат утврдени мерките за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите.

Оваа Програма е усогласена со националните законски и стратешки определби како и со стратешките определби на Општина Делчево. Програмата произлегува од воочените проблеми со кои се соочуваат жените во општина Делчево како што се: семејното насилство, недостаток на згрижувачки капацитети за деца и стари лица, социјална исклученост на ранливите групи а особено жртвите на семејно насилство и самохраните мајки, недоволното учество на жените во процесите на одлучување на локално ниво и сл.

## II. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Основни цели на Програмата за еднаквите можности на жените и мажите на Општина Делчево и работа на КЕМ за 2021 година се:

- Зајакнување на институционалните механизми за воведување на еднаквите можности на жените и мажите (ЕМЖМ) во приоритетните области во надлежност на Општината (социјална заштита, образование,култура, спорт и сл.).
- Промоција на родовата еднаквост како вредност, преку информативни кампањи , настани, манифестации и едукации.
- Поголема вкученост на жените во процесите на идентификување приоритети и одлучување во општината.

III. ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ НА ДЕЛУВАЊЕ

## 1. Човекови права и родова еднаквост

Подобласт – Политика

Подобласт - Родово базирано насилство

Подобласт- Економија

**2.Партиципација во креирање и имплементација на локални и јавни политики**

**3. Едукација на населението за родовата еднаквост и еднаквите можности на мажите и жените**

**4. Институционален развој и организациско јакнење на Комисијата за еднакви можности во Општина Делчево**

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ПРИОРИТЕТ 2:** Зголемување на довербата кај граѓаните во надлежните институции во однос на родово базирано насилство | | | | | | | | |
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2:** *Да се зголеми довербата на граѓаните во институциите во однос на првенцијата и заштитата од родово базирано насилство до крајот на 2022 година.* | | | | | | | | |
| **ОЦ 2.1:** Најмалку 10% од вработените кадри во локалните институции да бидат едуцирани за навремено препознавање и соодветна реакција на формите на родово базирано насилство во општина Делчево на годишно ниво, до крајот на 2022 год.<br>**ОЦ 2.2:**Вклучени најмалку 100 жени на годишно ниво во едукативни настани и активности/трибини, едукативни работилници/ за запознавање со заштитните механизми што ги нуди домашното законодавство за превенција и заштита од родово базирано насилство.<br>**ОЦ 2.3** Иницијатива за отворање на регионален шелтер центар за жртви од родово базирано насилство, до крајот на 2022 година | | | | | | | | |
| Проект | Мерки/Активности | Очекувани резултати | Индикатор | Рок | Можен реализатор | Буџет | | |
| | | | | | | Колку | Извор | Коментар |

1. Човекови права и родова еднаквост -Подобласт – родово базирано насилство

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2. Едукација на вработените во локалните институции за навремено препознавање на формите на родово базирано насилство во Општина Делчево, во периодот 2021 - 2022 | •Спроведување на истражување утврдување на компетентноста за препознавање на родово базирано насилство на кадрите од надлежните институции во Делчево<br>•Подготовка на план за спроведување на едукација за кадрите од надлежните институции<br>•Избор место на одржување<br>•Техничка помош<br>•Избор на едукатор<br>•Спроведување на едукација /трибини, работилници/ | 2.1. Спроведено едно истражувања /Инструмент: Анкета/ во општината до крајот на 2021год.<br>2.2. Подготвен план за едукација за родова еднаквост кој ќе вклучува: избор на место, техничка помош и избор на едукатор до крајот на 2021г.<br>2.3. Едукативни настани во општината до крајот на 2021 год.<br>2.4. Најмалку 1/3 од вработените во локалните институции да бидат вклучени во едукативните настани | 2.1.1 Број на спроведени истражувања<br>2.2.1. Подготвен план во предвидениот рок<br>2.3.1. Број на вработените во локалните институции кои биле вклучени во едукативните настани | 2021 | КЕМ<br>Општина Делчево<br>НВО | 20.000 | Општина Делчево<br>НВО<br>МТСП | За 30 жени – работилница 10.000<br>Експерт 6.000<br>Техничка поддршка 4.000 |
| 3.Вклучување на 100 жени од општината на годишно ниво во едукативно едукативни форми за промоција на заштитните механизми што ги нуди домашното законодавство за против родово базирано насилство. | •Спроведување на истражување за жртви од родово базирано насилство преку прибирање на податоци од Центар за социјална работа, образовните институции, НВО-и и други надлежни институтуци | 3.1 Спроведено едно истражувања за утврдување на бројот на жртви од родово базирано насилство во општината до крајот на 2021г. | 3.1.1 Број на спроведени истражувања<br>3.1.2. Број на подготвени документи насловен извештај и анализа од спроведено истражување за утврдување на бројот на жртви од родово базирано насилство во предвидениот рок | 2021 | ЦСР<br>НВО<br>КЕМ | 20.000 | Општина Делчево<br>НВО<br>МТСП | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |

## 1.Човекови права и родова еднаквост-Подобласт-економија

| |
|---|
| **ПРИОРИТЕТ 3:** Економско јакнење и повисок степен на искористување на економските права и можностите на жените од општина Делчево |
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3:**<u>*Економско јакнење на жените од општина Делчево со намалување на стапката на невработеност кај жените за 10% до крајот на 2021 година, преку поголемо искористување на правата и можностите што ги нудат надлежните институции (АППРМ)*</u> |

| **ОЦ 3.1.** Вклучување и информирање за можностите на најмалку 50% од бројот на невработени жени од Општина Делчево, во програмите и мерките на АВРМ, до крајот на 2021 година. | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Проект** | **Мерки/Активности** | **Очекувани резултати** | **Индикатор** | **Рок** | **Можен реализатор** | **Буџет** | | |
| | | | | | | **Колку** | **Извор** | **Коментар** |
| 5. Информативно-едукативна кампања за промоција на можностите за економска независност и зајакнување на жените преку намалување на стапката на невработеност кај жените за поголемо искористување на правата и можностите што ги нудат надлежните институции | •Изработка на план за информативни работилници<br>•Организирање на трибини со претставници на АВРМ, АППРМ за нивно вклучување во информативните работилници<br>•Организирање и спроведување на информативните работилници (посебно за мерки за вработување, посебно за програми за дообразование, преквалификација и доквалификација)<br>•Организирање на информативни настани за медиуми и јавноста<br>•Медиумска промоција | 5.1.Спроведена информативно-едукативна кампања за промоција на можностите за економска независност и зајакнување на жените<br><br>5.2. Вклучени во информативни настани најмалку 50% од сите жени пријавени како баратели на работа во АВРМ | 5.1.1.Спроведена информативно-едукативна кампања за промоција на можностите за економска независност и зајакнување на жените во предвидениот рок<br><br>5.2.1. Процент на жени пријавени како баратели на работа во АВРМ кои како целна група биле вклучени во настани од кампањата | 2021 | -АВРМ<br>-Општина Делчево<br>-КЕМ<br>-НВО | 30.000 ден. | Општина Делчево<br>-НВО<br>-МТСП | 1.Работилница за 20 лица=10.000 ден<br><br>2.Работилница за 40 лица=20.000 ден. |

## 2. Партиципација во креирање и имплементација на локални и јавни политики

**ПРИОРИТЕТ 4:** Активација на локалните административни единици (месни и урбани заедници), заради создавање на услови за учество на жените од маргинализираните групи и руралните средини во процеси за креирање и имплементирање на локални јавни политики

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 4:** *Активирање на најмалку 2/3 од локалните административни единици (месни и урбани заедници) во Делчево до крајот на 2022, заради создавање на услови за учество на жените од маргинализираните групи и руралните средини во процеси за*

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *креирање и имплементирање на локални јавни политики.* | | | | | | | | |
| **ОЦ 4.1** Поттикнување на активните урбани заедници во Општина Делчево,во создавање услови за едукација на 20% од жените од маргинализирани групи за нивно активно вклучување во процесите на креирање и имплементирање на локални јавни политики, во периодот март-јуни секоја година, до крајот на 2022.<br>ОЦ 4.2 Поттикнување на активните месни заедници во Општина Делчево, во создавање на услови за едукација на најмалку 40% од жените во руралните средини во активно вклучување во процесите на креирање и имплементирање на локалните јавни политики. | | | | | | | | |
| Проект | Мерки/Активности | Очекувани резултати | Индикатор | Рок | Можен реализатор | Буџет | | |
| | | | | | | Колку | Извор | Коментар |
| 6.Активни урбани заедници во Општина Делчево, носители на социјалната инклузија на жените во креирањето и имплементацијата на локални јавни политики | • Редовни шестмесечни информативно-едукативни настани<br>• Формирање на листи на жен<br>• Подготовка и дистрибуција на печатени и електронски информации за актуелни процеси за креирање, имплементација и мониторинг на тековни локални настани, проекти, и политики | 6.1 Организирани шест едукативни настани во Општина Делчево<br>6.2 Вклучени најмалку 60 жени од маргинализираните групи во едукативни настани за партиципација во процеси за креирање јавни политики<br>6.3 Креирана една листи на жени кои биле вклучени во процеси за креирање јавни политики за Делчево | 6.1.1 Вкупен број на жени вклучени во едукативни настани<br>6.2.1. Број на вклучени жени по настан<br>6.3.1. Број на подготвени листи на жени во предвидениот рок | 2021-2022 | -Општина Делчево | 20.000 ден. | Општина Делчево<br>-НВО<br>-МТСП | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | • Подготовка и промоција на годишен извештај за вклученост на жените во регионот | 6.4 Подготвени 1000 брошури за информирање за локални настани и проекти до крајот на 2022.<br>6.5 Медиумски афирмирани можности за партиципација на жените при креирање на локални јавни политики<br>6..6.Подготвен годишен извештај за вклученоста на жените од руралните средини во процеси на креирање на локални јавни политики | 6.4.1.Број на дистрибуирани брошури<br>6.5.1. Број на објави по медиуми<br>6.5.2. Број на медиуми кои објавиле поствии информации<br>6.5.3. Број на посети на ВЕБ сајтовите на медиумите<br>6.6.1. Усвоен извештај од советот на општината до крајот на декември секоја година во периодот 2021 - 2022 | | | | | |
| 7. Активни рурални заедници во Општина Делчево носители | • Редовни шестмесечни информативно- | 7.1Организирани 2 едукативни настани во | 7.1.1Вкупен број на жени вклучен во едукативни настани | 2021-2022 | Општина Делчево, НВО | 20.000 | Општина Делчево, НВО, Донатор | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| на социјалната инклузија на жените во креирањето и имплементацијата на локални јавни политики | едукативни настани<br><br>• Формирање на листи на жени за учество на едукативни настани | ОпштинаДелчево<br><br>7.2 Вклучени најмалку 60 жени од руралните средини во едукативни настани за партиципација во процеси за креирање јавни политики<br>7.3 Креирани 1 листи жени од руралните средини кои биле вклучени во процеси за креирање јавни политики за Делчево<br>7.4. Подготвени 1000 брошури за информирање од руралните средини за локални настани и проекти до крајот на 2022. | 7.2.1. Број на вклучени жени по настан<br><br>7.3.1. Број на подготвени листи на жени во предвидениот рок<br><br>7.4.1.Број на дистрибуирани брошури | | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | • Подготовка и дистрибуција на печатени и електронски информации за актуелни процеси за креирање, имплементација и мониторинг на тековни локални настани, проекти и политики<br><br>• Подготовка и промоција на годишен извештај за вклученост на жените во регионот | 7.5 Медиумски афирмирани можности за партиципација на жените од руралните средини при креирање на локални јавни политики<br><br>7.6 Подготвен годишен извештај на ниво на регион за вклученоста на жените од од руралните средини во процеси на креирање на локални јавни политики | 7.5.1. Број на објави по медиуми<br>7.5.2. Број на медиуми кои објавиле постови и информации<br>7.5.3.. Број на посети на ВЕБ сајтовите на медиумите<br><br>7.6.1. Усвоен извештај од советите на општините до крајот на декември секоја година во периодот 2021 - 2022 | | | | | |

3. **Едукација на населението за родовата еднаквост и еднаквите можности на мажите и жените**

| ПРИОРИТЕТИ | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **5.** Родова сензибилизација на наставниот кадар од општинските основни и средни училишта заради индиректна едукација на учениците<br><br>**6.** Родова сензибилизација на сопствениците и оперативните менаџери од приватните мали и средни претпријатија од Делчево | | | | | | | | |
| СЦ 5 :*Родова сензибилизација на најмалку 2/3 од наставниот кадар од општинските основни и средни училишта во Општина Делчево, заради личен пример и индиректна едукација на учениците во однос на родовата еднаквост и еднаквите можности во периодот 2021 – 2022год.*<br>СЦ 6:*Родова сензибилизација на сопственици и менаџери на мали и средни претпријатија во Општина Делчево за подигнување на свеста кај вработените за родоварта еднаквост* | | | | | | | | |
| **ОЦ 5.1** Да се креира програма за родова сензибилизација преку едукација на наставниот кадар од општинските основни и средни училишта во ОпштинаДелчево до крајот на 2021 година.<br>**ОЦ 5.2** Да се организираат најмалку 2 едукативни настана за родова еднаквост за најмалку 50 лица од ООУ и СОУ на годишно ниво во период од 2021 - 2022 година.<br>**ОЦ 6.1** Да се организираат најмалку 2 едукативни настана за родова еднаквост за менаџери и сопственици на мали и средни претријатија во период од 2021-2022 год. | | | | | | | | |
| **Проект** | **Мерки/Активности** | **Очекувани резултати** | **Индикатор** | **Рок** | **Можен реализатор** | **Буџет** | | |
| | | | | | | **Колку** | **Од каде** | **Коментар** |
| 8. Со едукација до родова сензибилизација на наставниот кадар од општинските основни и средни училишта од општината заради давање на личен пример и индиректна | • Подготовка на план за едукација<br>• Обезбедување на консултанти/едукатори<br>• Организирање на најмалку 2 едукативни настани во | 8.1 Изработен план за едукација до крајот на јануари 2020<br>8.2 Обезбедени 2 едукатори /1 социјален работник и 1 социолог/ | 8.1.1 Подготвен план во предвидени от рок<br>8.2.1 Број на обезбедени едукатори со соодветен стручен профил во | 2021 - 2022 | Општина Делчево, Основни и средни училишта, НВО | 30.000 | Општина Делчево, НВО, Донатор | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| едукација на учениците | основните и средното училиште, на годишно ниво, во предметниот период | 8.3 Да бидат организирани 2 едукативни настани во месеците мај и октомври во перодот 2021 -2022 во општина Делчево<br><br>8.4. Во едукативните настани да бидат вклучени најмалку 50 лица годишно во ОпштинаДелчево | предвидени от рок<br><br>8.3.1 Број на организиран и настани<br>8.3.2 Вкупен број на лица од наставниот кадар од општинските основни и средни училишта вклучен во едукативни настани<br>8.4.1 Број на вклучени лица од наставниот кадар од општинските основни и средни училишта по настан | | | | | |
| 9. Со едукација до родова сензибилизација на сопственици и оперативни менаџери од мали и средни претпријатија за подигнување на свеста кај | • Подготовка на план за едукација<br>• Обезбедување на консултанти/едук атор<br>• Организирање на најмалку 2 едукативни | 9.1.Изработен план за едукација до крајот на јануари 2021<br><br>9.2. Обезбедени 2 едукатори /1 социјален работник и 1 социолог/ | 9.1.1 Подготвен план во предвидени от рок<br>9.2.1 Број на обезбедени едукатори со соодветен стручен | 2021 - 2022 | 30.000 | Општина Делчево, НВО,Дон атор | 20% од сопствениците | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| вработените за родовата еднаквост | настани за менаџери од мали и средни претпријатија за подигнување на свеста кај вработените за родовата еднаквост | 9.3 Да бидат организирани 2 едукативни настани во месеците мај и октомври во перодот 2021 -2022<br><br>9.4. Во едукативните настани да бидат вклучени 20% од сопствениците и оперативните менаџери од приватните мали и средни претпријатија од Делчево | профил во предвидени от рок<br><br>9.3.1 Број на организиран и настани<br><br>9.3.2 Вкупен број на лица од сопственици те и оперативнит е менаџери од приватните мали и средни претпријатиј а од Делчево вклучен во едукативни настани<br><br>9.4.1 Број на вклучени сопственици те и оперативнит е менаџери од приватните мали и средни претпријатиј а од Делчево | | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | по настан | | | | | |

## 4.Институционален развој и организациско јакнење на Комисијата за еднакви можности во Општина Делчево

| ПРИОРИТЕТ<br>7. Функционалност на Комисијата за еднакви можности од Општина Делчево |
|---|
| |
| СЦ 7: Подготовка на стратешки и оперативни програми, правила и процедури како основа за работа на КЕМ во Општина Делчево |
| |
| ОЦ 7.1 Изработена годишна програма на КЕМ за 2021 година врз основа на постоечките документи за ОпштинаДелчево<br>ОЦ 7.2 Иницијатива за усвојување на годишните оперативни програми на КЕМ за ОпштинаДелчево до Советот на општината најдоцна до јануари 2021 г. |

| Проект | Мерки/Активности | Очекувани резултати | Индикатор | Рок | Можен реализатор | Буџет | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Колку | Од каде | Коментар |
| 10. Изработка на годишна Програма за работа на КЕМ за 2021 до крајот на јануари 2021 | • Анализа на постоечките документи и законска регулатива<br>• Работилница за изготвување на нацрт -Програма за работа на КЕМ на Општина Делчево<br>• Техничка помош од | 10.1 Изработена Годишна програма за работа на КЕМ одДелчево за 2021 до крајот на јануари 2021 | 10.2.1. Изработена годишни програми за работа на КЕМ од Делчево за 2021 во предвидениот рок<br>10.2.2. Усвоена годишната програма за работа на КЕМ од Делчево за 2021 во | Јануари 2021 | Општина Делчево, НВО | 22.500 | Општина Делчево, НВО, Донатор | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | општинската администрација за финализирање на годишната оперативна програма на КЕМ за Општина Делчево | | предвидениот рок од општинскиот совет. | | | | | |

## IV. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма ќе биде обезбедено од донации и средства од Буџетот на Општина Делчево .

За активностите од областите, што не ги опфаќа Програмата, а кои со својата актуелност, квалитет и општествен интерес ќе се појават дополнително во текот на 2021 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства во Буџетот на Општина Делчево.

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Предлагач на Програмата е Комисијата за еднакви можности при Советот на Општина Делчево.

Реализацијата и следењето на активностите од оваа Програма ќе се одвива преку Одделението за јавни дејности при Општина Делчево, а надзорот на спроведувањето ќе го врши Комисијата за еднакви можности на жените и мажите.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

Број 09-169/1
29.01.2021 година
Делчево

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Драган Маневски